**ДО**
**НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ**
**НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ОЦЕНКА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р МЕРИ ЦУЦУЛОСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-2412/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.12.2009 година, формирана е Комисија во состав:

1. Проф. д-р Делчо Јованоски, Машински факултет-Скопје
2. Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет-Скопје
3. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет-Скопје

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Мери Цуцулоска и да даде оценка за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

**“КРЕИРАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ГЕНЕРИРАЊЕ И ОПЕРАЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СТРАТЕГИСКИТЕ ПЛАНОВИ”**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на член 63 и 174 од Законот за восоко образование и член 48 од Правилникот за единствени основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Комисијата го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот м-р Мери Цуцулоска е родена на 28.06.1969 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно медицинско образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Високото образование го започнала во учебната 1987/1988 година на Земјоделскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 03.02.1992 година. Магистерски студии по општ менаџмент запишала на Универзитетот American College во 2007 година и со највисока оценка ги завршила на 10.02.2009 година. Темата на магистерскиот труд е “Јавно – Приватни Партнерства (ЈПП) – Спроведување на ЈПП во Република Македонија базирани на домашни и странски искуства”.

Кандидатот има интензивно работно искуство во доменот на проектниот менаџмент, планирање, дизајн и имплементација на повеќе милионски проекти финансирани од страна на донаторската заедница во Република Македонија. Како вработена во Канцеларијата за економски развој при Мисијата на УСАИД во Република Македонија има директно учествувано во дизајнот на Стратегијата на канцеларијата за 2008 – 2010 година, а во моментов работи и на подготвување на Стратегијата за период 2011 – 2015 година. Како главен советник на Мисијата за прашања од сферата на агробизнисот и за развој на мали и средни претпријатија дава препораки за насоките на проектните задачи, постојни и идни. Кандидатот ги координира активностите на Канцеларијата за економски развој со оние од другите канцеларии по прашања на децентрализација, е-влада и развој на човечки ресурси. Има учествувано во дизајнирање на јавно-приватни партнерства и следење на нивните резултати. Како резултат на повеќегодишното практично искуство на полето на стратегиски менаџмент, ја врши должноста в.д. директор на Канцеларијата за економски развој во отсуство на директорот.

Кандидатот има посетувано меѓународни тренинг програми за стратегиско планирање, дизајнирање, планирање, набљудување и оценка на проектни задачи, како и усовршување на лидерски вештини.

Кандидатот има учествувано и презентирано свои трудови на меѓународни семинари и конференции на полето на развој на човечки ресурси, практицирање на лидерски вештини во владини институции, програмирање на средства за успешна имплеменатција на стратегии, оценка на работата на проектните задачи, конкурентноста на малите и средни претпријатија и др. Повеќето од овие трудови се поврзани со темата предложена за докторска дисертација.

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Стратегиското планирање е алатка за организирање на сегашноста врз база на предвидувањата за посакуваните идни резултати. Резултат на стратегиското планирање е стратегискиот план кој претставува одредница што ќе ја води организацијата/институцијата од позицијата на која таа се наоѓа во тој момент, кон тоа што сака да биде за пет или десет години. Стратегискиот план мора да биде едноставен, во пишана форма, јасен, базиран на реалната моментална ситуација и мора да има доволно време за да може да биде адекватно спроведен. Тој не смее да биде избрзан бидејќи нема да ги постигне очекуваните резултати.
Критични одредници за успешно имплементирање на стратегискиот план се: 1) неговото креирање, 2) неговата операционализација и 3) следливоста на резултатите што произлегуваат од неговата примена.

Креирањето како процес претставува основа за поставување на целите и задачите на планот. При креирање на стратегиски план мора да се земат предвид сите надворешни и внатрешни фактори кои директно и/или индиректно ќе влијаат на неговото спроведување.

Операционализацијата е последователен процес со што почнува реалното имплементирање на зацртаните цели. Основна задача на операционализацијата е да изврши декомпозиција на стратегиските цели сѐ до ниво на основните процеси, а сѐ со цел да се обезбеди поврзување на зацртаните цели на стратегиските планови. Најчестите проблеми кои настануваат се токму поради неповрзувањето на стратегијата со оперативните цели. Таа е многу блиску поврзана, и се спроведува заедно со процесот на следење на резултатите во сите фази. Следењето на резултатите треба да ја обезбеди спротивната насока – синтеза на позателите кои ги следат поставените цели од оперативно до стратегиско ниво. Следењето на резултатите ја претставува повратната врска која треба да го управува целокупниот процес на имплементација на стратегиските планови. Кога стратегискиот план е донесен и формулиран и стратегијата е во фаза на имплементација, критична е потребата таа да има долготраен успех. Стратегиската проценка и контролните механизми мора да се донесат и имплементираат за да може организацијата да има увид во целокупното работење на системот и навремено да превземе корективни мерки ако за тоа има потреба. Следењето на стратегијата и контролата мора да бидат континуиран процес. Најпосакувани параметри за следливост се квантитативните, меѓутоа искуствата покажуваат дека не секогаш едноставно тие се дефинираат. Главен предизвик при мерењето на перформансите се вообичаените потешкотии за проценка на квалитативните показатели кои честопати доминираат во однос на квантитативните.

Надреден проблем поврзан со успешната имплементација на стратегискиот план е инволвираноста на стејкхолдерите во сите етапи на процесот. Корисниците на услуги треба да бидат интегрален дел од планирањето и треба да учествуваат во дизајнирањето на активностите, очекуваните резултати и целта на целата интервенција. Инволвирањето на директните учесници е круцијално за успехот на проектот. Ова ја наметнува потребата од дефинирање на механизми кои ќе го обезбедат учеството на корисниците во сите етапи на процесот.

Според некои (нецелосни согледувања) стратегиското планирање во сегашни прилики во Република Македонија не се практицира многу често, со исклучок на поголемите приватни компании со доминантен странски капитал. Овој труд ќе ги испита можностите за поставување на систем кој ќе генерира стратегиски планови и нивно операционализирање во институции каде тоа досега не се применувало.

## 3. Цели на докторската дисертација

Основна цел на овој труд е креирање на систем за генерирање и операционализирање на стратегиските планови.

Компоненти на основната цел се:

1) Креирање на системот.
2) Структурирање на операционализацијата на стратегиските планови.

   Ова подразбира поставување на рамка која ќе овозможи структура за операционализација на плановите.

3) Креирање на логичка поддршка за унапредување на предвидувањата околу успешноста на проектот уште пред фазата на неговата примена.

   Изнаоѓањето на контролни механизми кои ќе помогнат во континуирано следење на параметрите при операционализација, навремено откривање на можните пречки и девијации во системот и превентивно реагирање за корегирање и/или ублажување на истите се основа на оваа компонента.

4) Методолошка поддршка за сите фази на процесот.

   Базирана на LFA, но споредена и со другите методологии, оваа поддршка ќе овозможи непречена имплементација и следливост на процесот.

5) Практична имплементација на решението.

Со цел да се потврди релевантноста на решението тоа ќе биде применато во практични услови.

## 4. Методологија на истражувањето

За работна методологија при изработката на овој труд предвидено е да биде т.н. "Пристапот на логична рамка" (LFA, Logical Framework Approach), а ќе се истражат и други методологии, на пример "Менаџмент на проектниот циклус" (PCM, Project Cycle Management) за да се добие компаративна и реална слика за поадекватно дизајнирање на дадената задача.

Оригинално изработена во 1969 година за потребите на Агенцијата за меѓународна помош на САД (USAID), оваа методологија се покажала како извонредно успешна во имплементирање на проектни задачи во 35 земји. Оваа методологија се користи од многу билатерални и мултилатерални донаторски организации, како и од невладиниот сектор.

Чекорите за спроведување на оваа методологија се следниве: 1) дефинирање на стратегиска цел, 2) дефинирање на специфични цели и анализа на придонесот на специфичните цели кон реализација на стратегиската цел, 3) дефинирање на активности и 4) дефинирање на очекувани резултати. Секако тука се поставуваат и механизмите за набљудување на секој од овие поединечни чекори и претпоставки на надворешни и внатрешни фактори кои посредно и/или непосредно може да имаат ефект врз операционализацијата на проектната задача/системот.

Овој труд ќе предложи и практична примена на контролни механизми кои ќе придонесат за непречено функционирање на горенаведените чекори.

Од анализите на методологијата и нејзината примена, детектирани се неколку нејзини недостатоци кои треба да бидат надминати со овој труд. Имено, употребата на LFA и системизираната проценка обезбедуваат континуиран пристап кон сите информации во секој момент. Но, овој пристап е само една од алатките која се користи за време на дизајнирање, имплементација и проценка на проектите. Таа не ги заменува анализите на фокус групите, времетраењето на планирање, анализите за очекуваните резултати и сл.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Резултатите во овој труд се директно поврзани со целите и се следниве:

1. Воспоставување на функционален систем за стратегиско планирање, кој ги опфаќа претходно опишаните први четири наведени цели.
2. Имплементиран функционален систем.

Резултатите од воспоставување на системот ќе бидат повеќенаменски и ќе бидат применливи и употребувани од сите учесници во процесот, како стратешките планери, оперативните органи и проценителите. Со овој систем ќе се воспостави унифициран приод кон сите фази во имплементација на процесот.

## З А К Л У Ч О К

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Мери Цуцулоска, врз основа на досегашниот степен на образование, научно-истражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машински факултет во Скопје.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: “Креирање на систем за генерирање и операционализирање на стратегиските планови” е подобна и претставува актуелно и современо истражување и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Делчо Јованоски од Машински факултет-Скопје.

Комисија:

1. Проф. д-р Делчо Јованоски, Машински факултет-Скопје
2. Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет-Скопје
3. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет-Скопје